# Како вашата училница да биде погодна за ученици со дислексија

# Бранови на поддршка

Фразата „бранови на поддршка‟ се користи за да се означи:

- **Бран** 1 - што секој учител/ка може да направи во секоја училница
- **Бран** 2 - ефективни интервенции на мали групи пр. ДПУ (Дополнителна помош при учење)
- **Бран** 3 - интензивна и структурирана поддршка за ученици кои имаат потреба од долготрајна интервенција.

**Мало предупредување**:

Деловите се поделени така да најлесно се управуваат. Некои од советите и стратегиите за Брановите 2 и 3 може да се применат во вашето училиште во Бран 1.

# Како да користите CDROM

Овој CD-Rom е Power Point презентација со прикачени Word документи. Самите документи нудат 200 страници практични совети и поддршка. Презентацијата е организирана така да ви овозможи да доставите образовна обука (INSET) на различни публики.

**Дел** 1 **Како вашата училница да биде погодна за ученици со дислексија** **БРАН** 1

Овој дел ќе му даде знаење и разбирање на персоналот во поглед учениците со дислексија, како и опсег на стратегии кои може секојдневно да ги користат со цел да ги поддржат истите. (**слајдови** 3-29)

**Дел** 2 **Ефективни интервенции на мали групи/поединци** **БРАНОВИ** 2 **и** 3

Овие слајдови ќе понудат подлабоко знаење и разбирање на учителите/ките и персоналот кои планираат, но и нудат дополнителна поддршка за учениците со дислексија. (**слајдови** 30-53)

**Дел** 3 **Поддршка за КПСОи (Координатор за потреби за специјално образование) и Висок менаџмент**. Овие слајдови ќе бидат од најголем интерес за **КПСО** или високи менаџери бидејќи се поврзани со политики, како и прашања од родителите. (**слајдови** 54-63)

# Користење линкови

Може да се движите низ целата презентација користејќи ги само стрелките на компјутерот или пак можете да пристапите до одредени делови користејќи ги хајперлинковите, онаму каде истите се означени:

означува линк до друг слајд во презентацијата

ќе ве однесе назад до странатa со Содржина

ќе ве однесе до линк со Word документ кој може да се печати

# ДЕЛ ЕДЕН

# Како вашата училница да биде погодна за ученици со дислексија

# ДЕЛ ЕДЕН

## Како вашата училница да биде погодна за ученици со дислексија

1. Инклузивна училница
2. Како да препознаам ученици со дислексија?
3. Како може сите учители да ги поддржуваат учениците со дислексија?
   - Етос на училница
   - Пристап до наставниот план
   - Стилови на учење
   - Групирање
   - Организациони вештини
   - Самопочитување
   - Математика
   - Приказ
   - Маркетинг

БРАН 1

# Инклузивна училница

- Во инклузивна училница, на сите ученици им се дава пристап до наставниот план и можност за добар успех.
- Сите ученици треба да се здобијат со вештини кои ќе им помогнат да се осамостојат и да преземат одговорност за сопственото учење.
- Добра пракса за ученици со дислексија е добра пракса за сите ученици.

БРАН 1

# Инклузивна училница

Во секоја група каде имате ученици со различни способности, ќе имате и ученици кои имаат проблеми со писменост, затоа:

- Препознајте дека вие сте учител/ка на ученици со дислексија.
- Дознајте повеќе и внимавајте на оваа област.
- Обезбедете групирање и етос на училницата кои ќе нудат поддршка.

# Како да препознаам ученици со дислексија?

Внимавајте на:

- Бавно читање
- Слаб правопис
- Слабо самопочитување
- Проблеми со организација
- Последователни грешки
- Бавно и погрешно препишување
- Слабо забележување
- Слаби способности за слушање

БРАН 1

# Како може сите учители/ки да ги поддржуваат учениците со дислексија?

- Имајте позитивен етос во училница
- Подобрувајте го пристапот до наставниот план
- Земете предвид различни стилови на учење
- Користете флексибилно групирање
- Развивајте ги организационите вештини на учениците
- Грижете се за и градете самопочитување
- Препознавајте одредени проблеми со математика
- Ефективно користете прикази
- Оценувајте позитивно

БРАН 1

# Како може да помогне позитивниот етос на училницата?

- Создадете етос на „не постои неуспех, постои само повратна информација", каде сите ќе бидат поготвени да учат од своите грешки.
- Охрабрувајте „преземање ризик".
- Охрабрувајте ги учениците да играат активна улога во дискусиите. Тие исто така може да ги воодушеват другите ученици со знаење и разбирање.
- Дозволете „време за размислување" наместо да очекувате брзи одговори.
- Имајте однапред договорен сигнал за да ученикот/ката може да покаже кога сака да даде придонес или пак кога тој/таа не разбира нешто (пр. зелена карта/црвена карта).

# Како можам да го подобрам пристапот до наставниот план?

Обезбедете пристап до наставниот план преку:

- Читање
- Достапност на текст
- Пишување
- Други форми на забележување

БРАН 1

# Како можам да го подобрам пристапот до наставниот план?

## Читање

- Секој подолг текст нека го читаат со „другар" или асистент за поддршка или пак истиот нека биде однапред снимен на лента/касета.
- Бидете сигурни дека ученикот/ката со дислексија може лесно да прочита текст пред да очекувате истиот да го прочита на глас.
- Користете хартија со кремасти или пастелни бои за да се намали отсјајот.
- Користете сини, кафени, црвени, зелени или виолетови маркери за табла бидејќи овие бои се полесни за читање.
- Користете боја за да означите клучни информации напишани на табла.

БРАН 1

# Како можам да го подобрам пристапот до наставниот план?

## Достапност на текст:

Кога бирате нови учебници или кога подготвувате работни материјали барајте или користете:

- ненатрупани формати со достапни клучни зборови и идеи
- пократки наместо подолги реченици
- често употребувани зборови наместо зборови кои поретко се користат
- кратки наместо повеќесложни зборови бидејќи подолгите бараат поголема визуелна меморија отколку кратките
- активни наместо пасивни глаголи
- позитивни наместо негативни изјави бидејќи истите потешко се обработуваат
- боја за да се означи клучна информација

БРАН 1

# Како можам да го подобрам пристапот до наставниот план?

## Пишување:

- Користете шеми за пишување, вежби каде треба да се вметнат зборови во текст и текст со измешани пасоси.
- Осигурете се да учениците, блиску до нив, имаат модел од кој може да препишуваат (не проектор или табла).
- Дозволете им на учениците кои имаат проблмеи со писменоста директно да пишуваат на работните материјали.
- Обезбедете клучни зборови за индивидуално пишување.
- Охрабрете ја употребата на помагала за проверка на правилното пишување и листи со зборови.

БРАН 1

# Како можам да го подобрам пристапот до наставниот план?

## Други форми на забележување:

- Снимање на лента или видео камера
- Усни презентации
- Диктирање од страна на возрасен или соученик
- Обработување зборови и употреба на пакети за поддршка пр. Clicker, Text Help, Crick
- Софтвер кој препознава гласови
- Дијаграми и табели
- Помагала за умствено мапирање и други софтвери за поддршка пр. Kidspiration
- Илустрирани прикази
- Power Point презентации

БРАН 1

# Како да земам предвид различни стилови на учење?

Учениците имаат различни стилови на учење и затоа морате да презентирате информации преку различни канали. Може поефективно да учат преку:

- Кинестетички канали
- Визуелни канали
- Слушни/аудитивни канали
- или преку комбинација од сите три.

Осигурете се да наставата ги зема педвид различните стилови на учење.

БРАН 1

# Како можам да им помогнам на учениците со кинестетска интелигенција?

Учениците со кинестетска интелигенција добро реагираат на:

- активна вклученост
- движење
- практични активности
- дизајнирање и создавање
- играње улоги и драма

Запомнете дека треба да користите зборови кои истакнуваат допир и движење:

- чувство, допир, фати
- тврдо, отисок, пронајди
- оствари контакт, сфати
- провлече, се смести, исфрли

БРАН 1

# Како можам да им помогнам на учениците со визуелна интелигенција?

Учениците со визуелна интелигенција добро реагираат на:

- дијаграми
- графикони и табели
- слики
- помагала за умствено мапирање
- изобилна употреба на бои
- табели
- постери
- видеа
- изведби

Запомнете дека треба да користите зборови со визуелна тема:

- види, гледа, појави, покаже, открие
- јасно, магливо, остро
- фокус, замисли, слика
- видливо, фото, кристално јасно

БРАН 1

# Како можам да им помогнам на учениците со аудитивна интелигенција?

Учениците со аудитивна интелигенција добро реагираат на:

- изговорен збор
- ритам, рима и тон на глас кој варира
- аудио снимки
- разговор
- звучни ефекти
- устни проби/вежби

Запомнете дека треба да користите зборови кои ги истакнуваат вежбите со слушање:

- слуша, звук, тишина
- каже, приклучи се на радио/тв, прави музика
- да си целиот претворен во уши, да си слушнат, да ти одѕвони

БРАН 1

# Како може да помогне групирањето?

- Спојте го/ја ученикот/ката со способен/на соученик/ка кој ќе им дава поддршка и помош на тој начин што ќе чита текстови и ќе помага при правилното пишување.
- Учениците со дислексија нека седат со интелигентни соученици наместо со други ученици со проблеми во писменоста за да може да учествуваат во дискусиите.
- Осигурете се дека сите ученици се свртени кон вас кога давате упатства.
- Менувајте ги распоредите на седење.
- Планирајте движење за време часот за да го помогнете движењето на крвта кон мозокот и за концентрација.
- Користете „партнери за учење" пр. доколку ученик/ка со дислексија има добри идеи поврзани со пишување, ставете го/ја со ученик/ка кој е добар/ра во транскрипција, но послаб во составување.

# Како да им помогнам на учениците да развиваат организациони вештини?

- Означете ги средствата/ресурсите со слики и со текст.
- Обезбедете практични стратегии кои ќе им помогнат на учениците да ги надминат проблемите со опремата: пр. да го подготват ранецот за на училиште од претходната ноќ!
- Вие самите напишете им што имаат за домашна задача во нивните тетратки или пак дозволете подолго време да партнерот за учење или помошник наставникот го направат тоа.
- Учете ги повторување и вештини за учење и стратегии.

БРАН 1

# Како можам да го поттикнам самопочитувањето кај учениците со дислексија?

Додека ученикот/ката стигнат до средно училиште, годините на неуспеси најчесто имаат предизвикано сериозни проблеми со самопочитувањето.

- Имајте позитивен став кон дислексијата гледајќи ја како различност, а не како нарушување.
- Воведете соодветни примери на кои треба да се угледуваат, пр. Ајнштајн, Едисон, Микеланџело, Бренсон.
- Избегнувајте ги очекуваните неуспеси како на пример ученик/ка со дислексија да чита на глас за време на час.
- Очекувајте недоследност во изведбата и имајте трпение.

БРАН 1

# Како можам да го поттикнам самопочитувањето кај поедините ученици?

- Бидете чувствителни за потеклото на поединиците со цел да го минимизирате чуството кај ученикот/ката дека е различен/на.
- Обидете се премногу да не ги нагласувате областите со кои учениците со дислексија имаат потешкотии.
- Обезбедете групирање кое дава поддршка.
- Јасно предавајте вештини за учење и повторување со цел учениците да може да ги надминат непријатните чувства поврзани со тестирања.
- Бидете свесни дека учениците со дислексија имаат желба да бидат исти како другите.
- Градете успехи и користете ПОФАЛБИ. Пофалувајте и охрабрувајте го трудот, поставувањето прашања и завршувањето на задачите.

# Како можам да го поттикнам самопочитувањето кај учениците со дислексија?

- Овозможувајте учество во дискусии така што: ќе дадете „време за размислување", ќе имате однапред договорен сигнал, ќе охрабрувате преземање ризик.
- Охрабрувајте ги учениците да учествуваат во вонсколски активности во кои може да бидат добри.
- Охрабрувајте возење скејтборд, сурфање, возење велосипед, жонглирање и сите други активности кои може да го подобрат балансот и координацијата.
- Фокусирајте се на силните страни пр. при пишување, составувањето на текст од транскрипцијата; при математика, одвојувате го математичкото разбирање од флуентноста со бројки.
- Бидете трпеливи во врска загубени, заборавени или оштетени предмети – помогнете да развијат стратегии за да се спречи истово.

БРАН 1

# Какви проблеми со математиката може да имаат учениците со дислексија?

- Математички јазик
- Симболи
- Помнење пр. табели
- Слаба краткотрајна меморија
- Проблеми со ориентација и насоки
- Проблеми со редење

БРАН 1

# Како да им помогнам на учениците во поглед математика?

- Нека имаат многу повеќе вежбање отколку нивните соученици за да може да ги запомнат основните факти
- Користете различни видови стилови на предавање
- Нека имаат многу повеќе вежбање користејќи одредени материјали
- Предавајте нови идеи преку практични активности наместо преку јазик
- Користете мнемоника
- Користете слики
- Обезбедете помош при запомнување како што се таблици со бројки

БРАН 1

# Како може да помогне прикажувањето?

- Прикажете ги клучните зборови за вашиот предмет или лекција.
- Јасно прикажете ги значајните информации пр. дефиниција на основни поими, научни формули, клучни личности и клучни датуми кога предавате историја.
- Прикажете резиме на процесите кои ќе се користат во вашиот предмет преку употреба на слики кои ќе го поддржат текстот.
- Прикажете помагала за умствено мапирање кои ќе дадат резиме на темата која се изучувала.
- Користете бои да го насочите нивното внимание на значајни или потешки „делови".
- Означете ги средствата/ресурсите со слики и со зборови.

БРАН 1

# Како да користам „позитивно оценување“?

- При оценување, сконцентрирајте се на поправање на 2 или 3 често употребувани зборови или пак насочете се кон една шема на правилно пишување која реално може да се научи.
- Пишувајте коментари над, под или од страните на самиот текст.
- Оценувајте позитивно: одредете ***еден успех***, понудете ***еден совет*** и предложете ***една цел***.

БРАН 1

# ДЕЛ ДВА

## Планирање и доставување на ефективни интервенции на мали групи/поединци

# ДЕЛ ДВА

## Планирање и доставување на ефективни интервенции на мали групи/поединци

1. Препорачани интервенции
2. Индивидуализирани шеми на работа
3. Опрема за преживување на учениците: Примарна и секундарна
4. Ефективна употреба на ИКТ (информатичка и комуникациска технологија)
5. Улогата на други возрасни лица

# Планирање и доставување на ефективни интервенции на мали групи/поединци

Препорачани интервенции:

- Методот на читање Phono-Graphix
- Reading Recovery (мрежа создадена да промовира писменост и да го намали бројот на ученици со проблеми во пишувањето и читањето)
- Користење на Мари Клеј пристапи во Клучна фаза 3 (КФ 3)
- Вештини за предавање, ракописно пишување, читање и правилно пишување (ВПРЧП)

БРАН 2/3

**Забелешка:** Примарно стратешко водство www.standards.dfes.gov.uk/literacy

# Индивидуализирани шеми на работа

- Во инклузивна училница, учителот/ката ќе ги задоволи потребите на поедините ученици преку употреба на различни стилови на предавање.
- Во училница која е погодна за ученици со дислексија, визуелните, слушните и кинестетичките модели треба да бидат вклучени во сите дополнителни видови поддршка при учењето.
- Видете ги линковите подолу за поддршка при Индивидуализираните шеми на работа кои се поврзани со потешкотии при:
  - Читање
  - Ракопис
  - Правилно пишување

# За успешно да се предава читање потребно е:

- Препознавање на 2 аспекта:

  а) звучен симбол б) целиот збор

- Структуриран, последователен, збирен и темелен пристап кој вклучува мултисензорни техники

- Дневно засилување преку читање, правилно пишување и пишување

- Соодветни и интересни материјали за читање

# Стратегии за развивање вештини за читање

- Читање во пар
- Читање одпочеток
- Аудио снимка од самите ученици
- Слушање на снимени текстови (или следење на целиот текст, од збор до збор, или пак само слушање)
- Читање на мрежи за зборови со честа употреба
- Пелманизам при зборови со честа употреба

БРАН 2/3

# Читање во пар

- Одвојте 10-15 минути во тивка просторија за ученикот/ката и возрасно лице или другар/ка кој/а ќе дава поддршка.
- Ученикот/ката одбира книга – идеално би било доколку книгата е малку над тековната возраст за читање, но и не е неопходно.
- Парот седи еден до друг и заедно читаат на глас.
- Се договара сигнал (пр. тропање на маса). Кога ученикот/ката се чувствува сигурен/на, тој/таа сигнализира дека сака да чита сам/а.
- Кога ученикот/ката се двоуми, тој/таа што пружа поддршка го чита зборот и продолжува да чита на глас заедно со ученикот/ката сѐ додека ученикот/ката повторно не сигнализира.

БРАН 2/3

# Читање одпочеток

- Ученикот/ката одбира текст кој може да се прочита на глас за 10-15 минути.

- Тој /таа што пружа поддршка го снима текстот на касета со брзината со која чита ученикот/ката, но сепак тоа да биде течно читање и со одржување на интонацијата. Не заборавајте да означите свртување на страница.

- Содржина на сесијата:

1. Ученикот/ката ја слуша касетата и на тој начин ја дознава суштината на текстот.
2. Ученикот/ката слуша и внимателно го следи текстот.
3. Ученикот/ката го слуша и чита текстот на глас.
4. Ученикот/ката го намалува звукот на касетата за да може само малку да се слуша и потоа се обидува да го чита текстот без наведување (помош).
5. Ученикот/ката му/ѝ го чита текстот на тој/таа што пружа поддршка .

# Аудио снимки од самите ученици

- Одберете текст кој треба да се прочита на глас за 5 минути, а кој ученикот/ката нема да може лесно да го прочита самостојно.
- Возрасниот го чита делот, а ученикот/ката го следи.
- Ученикот/ката му го чита делот на возрасниот, но со помош. Обидете се да одржите течно читање.
- Снимање на касетата:

1. Ученикот/ката чита реченица по реченица сѐ додека не достигне течно читање, потоа снима реченица по реченица сѐ додека не се прочита целиот дел.
2. При првата сесија (набрзо по снимањето) ученикот/ката ја слуша касетата и внимателно го следи тесктот. Ова може да се повторува сѐ додека ученикот/ката не се чувствува спремно.
3. Последна сесија: ученикот/ката го чита текстот на учителот/ката или на друго возрасно лице, но без помош.

БРАН 2/3

# Успешно предавање правилно пишување вклучува:

- Структурирани, последователни, збирни и темелни пристапи кои вклучуваат мултисензорни техники
- Мали чекори кои може да се постигнат
- Прекумерно учење – често повторување и прегледување
- Активности кои промовираат генерализирање на вештини
- Препознавање на 2 аспекта :

  а) основни звуци

  б) неправилно-напишани, често-употребувани зборови
- Помагала за меморија при предавање пр. мнемоника, боја, слики
- Чести можности за пишување и вежбање правилно пишување

БРАН 2/3

# Стратегии за развивање вештини на правилно пишување

Општи стратегии:

- Конкретни помагала: букви од азбуката, песок, глина
- Букви кои може да се препознават на допир: мек материјал, рапав материјал
- Коси ракописни букви– барем за нишки од букви
- Нагласување на облици на цели-зборови
- Бои и маркери
- Барајте мали во поголеми зборови
- Користете  ги техниките „види, кажи, покриј, визуелизирај, напиши, провери‟
- Барање зборови
- Игри
- Табли со зборови на ѕид и други материјали кои може да се прикажуваат

БРАН 2/3

# Стратегии за развивање вештини на правилно пишување

Стратегии за предавање фонетски правилни зборови:

- Да не се предава повеќе од една група на правописни правила во една седмица.
- Картички за потсетување (промт картички)

Стратегии за предавање неправилни зборови кои често се употребуваат:

- Одредете 3-4 зборови за секоја седмица
- Симултано спелување
- Техники за визуелизација
- Зборови на картички – во новчаник или сад
- Табела со зборови кои често се употребуваат
- Мнемоника

БРАН 2/3

# Симултано спелување

- Зборот е напишан на картичка од страна на учителот/ката, со коси ракописни букви.
- Учителот/ката полека и внимателно го изговара зборот, а ученикот/ката го повторува истиот.
- Ученикот/ката внимателно го разгледува зборот забележувајќи потешки делови.
- Ученикот/ката го следи зборот и истовремено ги изговара буквите на глас.
- Ученикот/ката го пишува зборот според помнење, потоа го проверува.
- Ученикот/ката го користи зборот во реченица.

БРАН 2/3

# Визуелизација

- Зборот е напишан на картичка од страна на учителот/ката со коси ракописни букви.
- Ученикот/ката внимателно ги разгледува буквите.
- Ученикот/ката ги затвора очите, замислува удобна средина и визуелизира голема површина на која може да пишува.
- Ученикот/ката визуелизира како го пишува зборот, буква по буква, на површината. Истовремено, буквите се изговараат на глас и се следат во воздух.
- Ученикот/ката го пишува зборот консултирајќи се со замислената слика, а потоа го проверува на картичката.
- Еден начин за да се провери дали ученикот/ката навистина го „гледа" зборот е да го/ја прашате да го спелува наназад, а за тоа време учителот/ката го снима одговорот.

# Ракописно пишување

- Ракописното пишување е тешка задача.
- Треба да се предава на систематски и структуриран начин така што буквите ќе се предаваат одделно.
- Косото ракописно пишување е најдобриот стил за учениците со дислексија.
- Треба да се обрне внимание на:
  - поставеноста на телото
  - помагалата за пишување
  - фатот
- Леворачките имаат потреба од посебна поддршка.

# Што е тоа опрема за преживување?

- Опремата за преживување е алатка која дава поддршка на пристапот на ученикот/ката до целиот наставен план.
- Опремата за преживување може да ја намали анксиозноста, како и стратегиите за избегнување.
- На учениците им дава брз пристап до материјали кои може да им требаат за да изведат широк опсег на задачи во училницата.
- Насловна страна и предложени содржини

# Помошна опрема за преживување

- Персонализиран распоред
- Начини на запишување домашни задачи: нотес со контакти, диктафон или лаптоп
- А4 пластични папки, А4 формат хартија
- Прибор за моливи кој вклучува: пенкало и коректурно пенкало, молив, линијар, гумичка за бришење, острилка, маркер, дигитрон, агломер, компас
- Бележник со самолеплива хартија за правилно пишување и издвојување на делови од текст
- Маркери за обележување (KS 4 + 5)
- Табела со клучни зборови
- Мали ВПРЧП таблички
- Таблички со бројки
- Картички за раздвижување на меморија (специфични за ученикот/ката)
- Линијар за читање/следење на редови од текст
- Шише за вода

БРАН 2/3

# Корисни испечатени материјали за опремите за преживување -

## Писменост

- Проверување (1) ▶ Проверување (2) ▶
- Нови примери на правилно пишување ▶
- Денови и месеци ▶
- Мултисензорно правилно пишување ▶
- Групи зборови ▶
- Листови со лични информации ▶
- Неделен дневник ▶
- План за акција ▶
- Како да го подобрат правилното пишување ▶
- Табела за правилно пишување ▶
- Лак на букви (мал) ▶ (пејзажен) ▶

БРАН 2/3

# Корисни испечатени материјали за опремите за преживување -

Нумеричка писменост

- празни линии со бројки
- таблички со бројки од 1 до 100
- таблички со бројки
- таблички со вредности
- математички симболи
- бројки во зборови

БРАН 2/3

# Ефикасна употреба на ИКТ

Компјутерите може да го сменат животот на учениците со дислексија во училиштата. Сепак, истите не треба да ги сметате или нудите како „решение". Тие се прекрасно помагало доколку се користат правилно, со соодветна поддршка и доколку се воведат во правилно време. Раното воведувањето на софтвер за препознавање на глас – па дури и едноставни уреди (пр. Spellmasters) за рачна употреба може да доведат до неуспех и целосно губење на вербата во одредена алатка за поддршка.

# Зошто може ИКТ да помогне?

- Компјутерите се трпеливи и бескрајно ќе ги повторуваат упатствата.
- Компјутерите не судат.
- Ученикот/ката може да ризикува – грешките може да се отстранат без да оставаат трага.
- Финалниот испечатен материјал изгледа добро.
- Учениците може да го контролираат темпото на сопственото учење.
- Компјутерите им помагаат на сите стилови на учење (визуелен, слушен и „тактилен/со допир").
- Самодовербата може да се подобри со самостојно работење и пишување кое не се разликува од другите.

БРАН 2/3

# Што може да направат компјутерите?

За учениците со дислексија, ИКТ може да:

- ги надмине бариерите кон учењето
- го помогне пристапот до наставниот план
- го подобри постигнувањето

Тие може да:

- читаат зборови и текстови.
- понудат групи зборови на екранот, да предвидуваат зборови и да го проверуваат пишувањето.
- понудат различни начини како да го прикажат текстот.
- им помогнат на учениците да планираат визуелно и да организираат идеи.

БРАН 2/3

# Улогата на другите возрасни лица

Асистентите за настава и другите возрасни лица може да:

- ги подготвуваат учениците со дислексија за читање текстови, одговарање на прашања, квизови и тестови.
- го следат начинот на кој ученикот/ката ги организира книгите и опремата.
- помогнат со задачи, но не и да ги прават истите за учениците.
- се поврзат со предметните учители со цел предвреме да ги подготват учениците и да се осигурат дека учителите се свесни за проблемите на учениците.
- се осигурат дека секоја домашна задача е целосно внесена во планер и дека ученикот/ката ја разбира задачата.
- ги охрабруваат учениците да развиваат самостојност.
- им помагаат на учениците да создадат личен распоред користејќи слики или бои. Нека имаат две копии – една за на училиште и една за дома.

# Улогата на другите возрасни лица

- Потсетете го ученикот/ката да го провери распоредот и да ги спакува соодветните книги и опрема.
- Договорете време и место за домашната задача.
- Помогнете му на ученикот/ката да ја земе предвид работата која треба да се сработи и соодветно да го организираат своето време.
- Редовно следете го планерот или нотесот со контакти на ученикот/ката.
- Работете со ученикот/ката за да развие стратегии кои ќе му/ѝ помогнат со организација и планирање.
- Охрабрувајте ги родителите да поминат време дома правејќи активности (поинакви од читање и пишување) во кои учениците ќе бидат успешни и кои ќе им овозможат да се чувствуваат добро во врска самите себе.

# ДЕЛ ТРИ

## Поддршка за КПСОи и Висок менаџмент

# ДЕЛ ТРИ
## Поддршка за КПСОи и Висок менаџмент

1. Модели на политики за дислексија и прикажување на целата достапна поддршка
2. Посебни договори за тестирања и Проценки на државните наставни планови (ПДНП)
3. Улогата на Услугата за образовна психологија
4. Дислексија и Акт за СО (специјално образование) и Закон против дискриминација врз основа на инвалидитет 2001
5. Ресурси
6. Често поставувани прашања
7. Корисни контакти

# Модели на политики за дислексија и прикажување на целата достапна поддршка

- За мало основно училиште
- За големо основно училиште
- За средно училиште
- Пример за политики за дислексија на училиштето

# Посебни договори за тестирања

Во ОССО/ОСО (Општ сертификат за средно образование/Општ сертификат за образование) тестовите има 2 вида на посебни договори:

- **Вид А** каде пријавата мора да биде поднесена до телото за акредитација
- **Вид Д** каде одлугата е дадена на училиштето

Понатамошни информации може да се добијат директно од:

- одборите за тестирања или
- Керолајн Рид (Caroline Read) преку www.patoss-dyslexia.org

# Посебни договори за ОНПи (Оценувачи на наставни планови)

Посебни договори за кои треба да се направи пријава. Пријавете се кај

ЛОВ (училишта финасирани од Локални образовни власти) или ВКНП (Власти за квалификации и наставни планови - сите други училишта):

- До 25% дополнително време (за ученици без изјави за СО – специјално образование)
- Повеќе од 25% дополнително време (за ученици со изјави за СО – специјално образование)
- Предвремено прегледување на тестови

Посебни договори за кои не треба да се направи пријава (информацијата сепак треба да се чува во училиштето):

- Акција на училиштата за ученици со изјави за СО
- Одмори/паузи
- Читачи за математика или природни науки
- Потписници
- Секретар
- Записник
- Суфлер

# Ресурси

Следната листа содржи примери на различните ресурси кои се достапни за поддршка на ученици со дислексија. Оние кои се посебно препорачани од членови на ССП (Систем за собирање податоци) групата за „дислексија" се означени со ѕвездичка.

- Материјали за читање
- Материјали за правилно пишување
- Компјутерски софтвер
- Други ресурси
- Материјали за оценување
- Добавувачи
- Корисни публикации

# Материјали за читање

- Поддршка за читање
- ИКТ поддршка за читање
- Книги од голем интерес за млада возраст
- Поврзување книги

# Компјутерски софтвер

- Програми за правилно пишување
- Поддршка со пишан материјал
- Звучност
- Материјали за читање
- Вештини за ракописно пишување, користење тастатура и разбирање
- Поддршка за математика
- ИКТ дополнителна опрема

# Често поставувани прашања

- Дали сметате дека секое дете кое има проблеми со читање има дислексија?
- Дали дислексијата е наследна?
- Дали дислексијата може да се појави кај сите способности?
- Дали е потребен училишен психолог за да се препознае дислексија?
- Што да му кажам на родител на кој по независно оценување му е кажано дека неговото/нејзиното дете има дислексија?
- Доколку на дете му е откриена дислексија, каква поддршка треба да добива?
- Колку време ќе биде потребно за да ученикот/ката со дислексија го достигне нивото на одделението?

**Кликнете тука за одговори**

# Корисни контакти

**Британска асоцијација за дислексија (БАД)** www.bda-dyslexia.org.uk

**Институт за дислексија** www.dyslexia-inst.org.uk

**Национална асоцијација за посебни потреби при образование (НАППО)** www.nasen.org.uk

**Професионална асоцијација на наставници на ученици со одредени потешкотии при учењето** www.patoss-dyslexia.org

**Стандарди на Одделот за образование – Националната стратегија за писменост**
www.standards.dfes.gov.uk/literacy